Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 03.06.2024

На 03.06.2024 во 03.30 часот на улица „Гоце Делчев" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода Е.Ш.(36) од Гостивар, кој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор од шест години за сторено кривично дело „разбојништво" по член 237 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 02.06.2024 во 12.35 часот на патот кон Средно Водно, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода О.В.(26) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.06.2024 во 14.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.М.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.06.2024 во 23.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Ф.П.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (02.06.2024) во периодот од 15.00 до 22.00 часот спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 185 возачи. Од нив, 113 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 33 возеле без возачка дозвола, седум мотоцикли се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава... За време на контролата санкционирани се и 197 други видови на сообраќајни прекршоци.

Во текот на вчерашниот ден (02.06.2024) во периодот од 14.30 до 19.30 часот Секторот за сообраќајни работи при Одделот за униформирана полиција Биро за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведоа акциска контрола на територијата на Прилеп, за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 99 возачи, од кои 39 за возење без возачка дозвола, осум санкции поради измината важност на сообраќајната дозвола, седум мерки за некористење заштитна кацига при возење мотоцикл, две санкции за непрописно вградени фолии (затемнети стакла), четири мерки за возење под дејство на алкохол, шест санкции за возење со брзина поголема од дозволената...

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (02.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 80 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 16 санкции, 12 мерки за некористење сигурносен појас, четири санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл...

На 02.06.2024 околу 17.10 часот во СВР Штип било пријавено дека на велосипедска патека од населба Сењак кон населба „8 Ноември" во Штип, М.Ј.(38) од Штип, управувајќи електричен тротинет, изгубила контрола и паднала на патеката. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила М.Ј., констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 02.06.2024 во 08.50 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Р.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Владимир Комаров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 02.06.2024 во 09.35 часот во Полициската станица Аеродром, Ф.П.П.(57) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје, нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Денеска (03.06.2024) во 08.15 часот во Полициската станица Карпош, М.Н.(68) од Скопје пријавил дека на ул.„Франце Прешерн" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Н.Н.(19) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 08.12.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени куршуми со калибар 7,62мм.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.А.(55) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". Во текот на 2023 година, пријавениот континуирано вршел психичко насилство над К.П., а на 21.08.2023 бил извршен претрес во неговиот дом, при што биле пронајдени и одземени куршуми со калибар 7,65 мм.

На 02.06.2024 во периодот од 15.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за прекршоците што ги прават возачите на мотоцикли. При контролата биле откриени и санкционирани 42 прекршоци (ТЕ-23 и ГВ-19), од кои најголемиот дел биле за некористење на заштитен шлем-кацига 32 (ТЕ-15 и ГВ-17), 8 возачи (ТЕ-6 и ГВ-2) кои управувале без да положен возачки испит и 1 (ТЕ) мотоцикли со поминат рок на важност на сообраќајната дозвола. Исто така, при контролата биле констатирани 16 (ТЕ-7 и ГВ-9) останати сообраќајни прекршоци. Против возачите биле поднесени соодветни законски поднесоци.

На 02.06.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за откривање на прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикли. За време на контролата биле санкционирани 21 прекршоци. Санкционирани биле и 28 други видови на прекршоци.

На 02.06.2024 од 08.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената, при што биле откриени и санкционирани вкупно 10 возачи (ГВ) кои ја пречекориле пропишаната брзина надвор од населено место. Санкционирани се и 44 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-39 и ГВ-5). На возачите прекршителите изготвени им се законски предвидените поднесоци.

На 02.06.2024 во 14.00 часот во СВР Скопје, Д.С.(18) од Скопје пријавил дека на 31.05.2024 околу 00.20 часот на подрачјето на Гази Баба, тој и С.Р.(19), В.П., Ѓ.Н. и Б.М.С., сите од Скопје, биле физички нападнати од неколку лица, кои употребиле тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2024 во 22.40 часот во СВР Скопје, О.Н.(51) од Скопје пријавил дека околу 19.35 часот на подрачјето на Карпош во Скопје, по претходно неодразбирање, едно лице со солзавец го испрскало неговиот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2024 во 01.55 часот, А.Р.(26) од с.Студеничани, скопско, вработен во Казнено – поправната установа Затвор Идризово, пријавил дека на 02.06.2024 околу 19.30 часот на работното место во установата бил физички нападнат од неговиот колега Х.Х. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2024 во 21.00 часот во Полициското одделение Јегуновце, Р.Р.(30) од тетовско Јегуновце пријавила дека во селото била касната од куче скитник.

На 02.06.2024 во 12.40 часот, М.В.(51) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улицата „11 Септември" во Кичево била касната од куче скитник. Истиот ден, Г.Т.(49) од Кичево пријавил дека на улицата „4 Јули" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Ф.(18) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 06.03.2024 на автобуска постојка на бул.„Гоце Делчев" во Скопје, пријавениот со нож му нанел убодни рани на А.Ј..

СВР Скопје поднесе кривична пријава против двајца малолетници од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 04.04.2024 на ул. „Никола Карев" во Скопје, пријавените физички го нападнале Л.С..